+2

Република Македонија

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 6**

**22.04.2013**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучокот за усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2013 година за I-квартал**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2013 година за I-квартал донесен на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 17.04.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 305/1** **Општина Демир Хисар**
**22.04.2013 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**22.**Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ" бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар"бр.3/02; 4/05 и 7/09/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 17.04.2013 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2013 година за I-квартал**

1.СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2013 година за I-квартал.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-273/4** **Совет на Општина Демир Хисар**
**17.04.2013 година** **Претседател**
**Демир Хисар** ***Ќире Ристевски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за отпис на побарувања по основ на комунална такса за истакнување на фирми и данок на имот на фирми под стечај и ликвидација**

1.Ја објавувам Одлуката за отпис на побарувања по основ на комунална такса за истакнување на фирми и данок на имот на фирми под стечај и ликвидација донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 17.04.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 305/2** **Општина Демир Хисар**
**22.04.2013 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**23.**Врз основа на член 85-А од Законот за даноци на имот (,,Сл.весник на РМ,,бр.92/07,102/08,35/11 и 53/11)и член 5 од Законот за стечај (,,Сл.весник на РМ,,бр.34/6)и член 43 точка 42 од Статутот на општина Демир Хисар(,,Сл.гласник на општина Демир Хисар бр.3/2002),Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 17.04.2013 година,ја донесе следната

**О Д Л У К А**

За отпис на побарувања по основ на комунална такса за истакнување на фирми и данок на имот на фирми под стечај и ликвидација

**Член 1**

Се врши отпис на побарувањата по основ на комунална такса за истакнување на фирми – фирмарина и данок на имот на фирмите под стечај и ликвидација,во износ од 261.750,оо денари.

**Член 2**

Отписот на побарувањата од член 1 на оваа Одлука се врши врз основа на правосилно судско решение или потврда од Централен регистар на Р.Македонија.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила од денот на нејзиното донесување,а истата ќе биде објавена во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.07-273/5** **Совет на општина Демир Хисар**
**17.04.2013 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Ќире Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за определување на дефицитарни занимања и занаети во изумирање во Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за определување на дефицитарни занимања и занаети во изумирање во Општина Демир Хисар донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 17.04.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 305/3** **Општина Демир Хисар**
**22.04.2013 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**24.**Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/2002), член 43 став 1 точка __ од Статутот на Општина Демир Хисар ("Сл. гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/2002), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 17.04.2013 година усвои

**О Д Л У К А**

за определување на дефицитарните занимања и занаети во изумирање во Општина Демир Хисар

Член 1

Се донесува Одлука за определување на дефицитарните занимања и занаети во изумирање во Општина Демир Хисар.

Член 2

За дефицитарни занимања и занаети во изумирање се определуваат:

- лимари,
- ковачи,
- саатчии,
- бочвари,
- изработка на сувенири и ракотворби,

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Бр. 07-273/6 Совет на Општина Демир Хисар
17.04.2013година Претседател,
Демир Хисар Кире Ристевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решението за именување на претседател и 4 членови во Комисијата за проценка и утврдување на штети од елементарни непогоди**

1.Го објавувам Решението за именување на претседател и 4 членови во Комисијата за проценка и утврдување на штети од елементарни непогоди донесено на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 17.04.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 305/4** **Општина Демир Хисар**
**22.04.2013 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**25.**Врз основа на член 43 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02/, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 17.04.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За формирање на комисија за проценка и утврдување на штети од елементарни непогоди**

1.Се формира Комисија за проценка и утврдување на штети од елементарни непогоди во состав:

**За Претседател: Љубе Талевски Демир Хисар**
**За членови : Васко Младеновски Демир Хисар**
**Александар Велевски Демир Хисар**
**Горан Каранфиловски с.Кутретино**
**Драганче Талевски Демир Хисар**

2. Со донесувањето на ова решение престанува да важи Решението бр. 07-526/1 од 15.05.2009 донесено од Советот на Општина Демир Хисар.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Демир Хисар.*

По еден примерок од Решението да се достави до архивата и именуваните.

Бр. 07-273/7 Совет на општина Демир Хисар
17.04.2013 година Претседател
Демир Хисар *Ќире Ристевски с.р.*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за формирање на Партиципативно тело за обезбедување на стручност и јавност во процесот на просторно и урбанистичко планирање**

1.Ја објавувам Одлуката за формирање на Партиципативно тело за обезбедување на стручност и јавност во процесот на просторно и урбанистичко планирање донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 17.04.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 305/5 Општина Демир Хисар**
**22.04.2013 година Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**26.**Врз основа на член 22 став1 точка 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02) а во согласност со член 17 точка 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 51/05), и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл. Гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 17.04.2013 година донесе

***О д л у к а***

За формирање на **Партиципативно тело** за обезбедување на стручност и јавност во процесот на просторното и урбанистичко планирање

член 1

Предмет на овaa одлука е формирање на Партиципативно тело за обезбедување на стручност и јавност во процесот на просторното и урбанистичко планирање.

член 2

Партиципативното тело се состои од 5 (пет) члена и тоа :

- претставник од Советот на општина Демир Хисар:
1. Ѓоко Василевски

- стручно лице од општинската администрација:
2. Сузана Цуцуловска

- истакнато стручно лице од областа на урбанистичкото планирање:
3. Васко Трајковски

- претставник од здруженија на граѓани :
4. Горан Шундовски

- претставник од граѓаните на подрачјето на општината :
5. Методија Јаковлевски

член 3

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката бр.07-783/14 од 19.10.2012 година.

член 4

Оваа Одлука стапува во сила осмиот ден од денот на донесување и ќе се објави во Службен Гласник на општината.

Бр. 07- 273/8 Совет на општина Демир Хисар
17.04.2013 година Претседател
Демир Хисар *Ќире Ристевски с.р.*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за формирање на Комисија за еднакви можности на мажите и жените**

1.Ја објавувам Одлуката за формирање на Комисија за еднакви можности на мажите и жените донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 17.04.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 305/6 Општина Демир Хисар**
**22.04.2013 година Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

27.Врз основа на член 16 од Законот за еднакви можности на жените и мажите “Службен весник на РМ бр.66/06 година“ Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 17.04.2013 година донесе

**О Д Л У К А**
**за формирање на Комисија за еднакви можности на жените и мажите**

Член 1

Се формира Комисија за еднакви можности на жените и мажите од 3 членови и тоа:

-за Претседател
**Нада Пејковска**
а негов заменик **Светлана Малушовска Сопотница;**

-за член
**Лихнида Вељановски**
а негов заменик **Елена Несторовска**

-за член
**Христијан Србиновски Демир Хисар**
а негов заменик **Рубин Митевски Бараково**

Член 2

Комисијата има задача да се грижи и создава услови за обезбедување на еднаков третман во остварување на правата и слободите на жените и мажите, промовирање и унапредување на еднакви можности во посебните области на општествениот живот.

Член 3

Мандатот на членовите на комисијата трае колку и мандатот на Советот.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила 8 ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр. 07-273/9 Совет на општина Демир Хисар
17.04.2013 година Претседател
Демир Хисар *Ќире Ристевски с.р.*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Годишен Извештај за работа на ПС од општа надлежност Демир Хисар за 2012 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Годишен Извештај за работа на ПС од општа надлежност Демир Хисар за 2012 година донесен на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 17.04.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 305/7 Општина Демир Хисар**
**22.04.2013 година Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**28.** Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ" бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 13 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар"бр.3/02; 4/05 и 7/09/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 17.04.2013 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештајот за работа на Полициската станица од општа надлежност Демир Хисар за 2012 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работа на Полициската станица од општа надлежност Демир Хисар за 2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-273/10 Совет на Општина Демир Хисар**
**17.04.2013 година Претседател**
**Демир Хисар Ќире Ристевски *с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за дезинсекција, дератизација и ерадикација на животни скитници во Општина Демир Хисар за 2013 година**

1.Ја објавувам Програмата за дезинсекција, дератизација и ерадикација на животни скитници во Општина Демир Хисар за 2013 година донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 17.04.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 305/8
22.04.2013 година
Демир Хисар

Општина Демир Хисар
Градоначалник
*Љупчо Блажевски с.р.*

**29.** Врз основа на член 12, 14 и 39 Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ„ бр. 66/04, 139/08 и 99/09), член 5 од Законот за комунални дејности („Службен весник на РМ'' бр. 95/12), како и член 43 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар'' бр. 03/2002), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 17.04.2013 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
### за дезинсекција, дератизација и ерадикација на животни скитници во Општина Демир Хисар за 2013 година

### I.ВОВЕД

Интегрираното сузбивање на заразните болести предизвикани од микроорганизми и штетници е збир на механички, физички, биолошки и хемиски мерки и постапки, а со цел за превентивни и куративни мерки, кои се превземаат за сузбивање или намалување на популацијата најмалку до прагот на штетност, запирање на растот и размножувањето, уништување на постоечката популација на штетници до биолошкиот минимум, односно влегување и задржување на штетниците на површината во просторот или објектот. Тоа се однесува на организми кои ги пренесуваат причинителите на заразни болести, паразитираат на човечкото тело, причинители се на алергиски реакции, делуваат токсично и предизвикуваат болести кај граѓаните.

Што се однесува до ерадикацијата, редовно се преземаат мерки за намалување на животните скитници кои ги има во Општина Демир Хисар и истите претставуваат опасност по здравјето и животот на луѓето, особено децата.

### II. ЦЕЛИ

Заради заштита на населението во Општина Демир Хисар од заразни болести, штетници и животни скитници, потребно е преземање соодветни мерки во текот на 2013 година. Со планираните активности според оваа програма ќе се зачува животната средина и здравјето на луѓето и подобри севкупниот амбиент во градот и населените места во Општина Демир Хисар.

### III.АКТИВНОСТИ

Во 2013 година, за спречување на појави од заразни болести предизвикани од микроорганизми, штетници и животни скитници Општина Демир Хисар ќе ги преземе следните активности:

| | Планира на активи ост | Место и локација | Месец на извршување | Планира ни средства |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Дезинсекција | Зелени површини, подрачја по течение на реките и водотеците, застојни води и подрачјата околу каналски системи на територијата на Општина Демир Хисар, урбани населби. | -крај на јуни<br>-крај на јули<br>-крај на август | 170.000,оо |
| 2 | Дератизација | Градот Демир Хисар, н.м. Суводол, Кутретино, Слепче, Сопотница, Велмевци | -крај на мај<br>-крај на октом | 100.000,оо |
| 3 | Ерадикац ија на животни скитници | Во Демир Хисар и во населените места | | 30.000,оо |
| | | | | **Вкупно денари : 300.000,оо** |

### IV.ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на Општина Демир Хисар за 2013 година - Подпрограма Ј80-други комунални услуги.

### V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Демир Хисар''.

Бр.07-273/11
17.04.2013 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател
Ќире Ристевски *с.р.*

---

СОДРЖИНА

1. Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за2013 за I квартал------------------------------------------1
2.Одлука за отпис на побарувања по основ на комунална такса за истакнување на фирми и данок на имот на фирми под стечај и ликвидација--------------------1
3Одлука за определување на дефицитарни занимања и занаети во изумурање во Општина Демир Хисар----2
4.Решение за именување на претседател и 4 членови во комисија за проценка и утврдување на штети од елементарни непогоди ----------------------------------2-3
5. Одлука за формирање на партиципативно тело за обезбедување на стручност и јавност во процесот на просторно и урбанистичко планирање ---------------3
6.Одлука за формирање на Комисија за еднакви можности на жените и мажите -------------------------4
7.Заклучок за усвојување на извештај за работа на ПС од ОН Демир Хисар за 2012 ---------------------------------4
8.Програмаза дезинсекција, дератизација и ерадикација на животни скитници во општина Демир Хисар за 2013 година-----------------------------------------------------5

Издава: Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.
тел.047/552-661
Градоначалник.
Љупчо Блажевски
Компјутерска обработка: Виолета Пајковска